**УДК 323.269.3(497.7)„2016“**

**Ана Аштaлковска Гајтаноска (Македонија)**
**Институт за етнологија и антропологија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“**
**е-маил: ashtalkovska@gmail.com**

# ЕСЕЈ ЗА СОВРЕМЕНИТЕ ПАТРИОТИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО 2016 ГОДИНА!

**Апстракт:** Оваа белешка за патриотите во Македонија во 2016 година се однесува на политичката (зло)употреба на овој термин во актуелните случувања обележани преку протестите од 12.4.2016. Две групи македонски граѓани протестираат низ улиците на Македонија – едната „против режимот“ на власта, а другата за „одбрана на Македонија“ и нејзината актуелна власт. Овие групи меѓу другото се спротивставени и во однос на тоа што подразбираат под терминот патриотизам, и тука се чини дека се работи за комплетно различни концепти за односот на поединецот кон сопствената држава и односот на „народот“ кон државата (и обратно). Особено е интересна втората концепција за патриотизмот, редовно експлоатирана од „Граѓанското движење за одбрана на Македонија – ГДОМ“, чија реторика многу личи на онаа што се користела во 19 век во фазите на создавање на нациите, особено во Југоисточна Европа. Во таа смисла, интересно е како овој деветнаесеттовековен концепт е сѐ уште толку актуелен во Македонија во 21 век!

**Клучни зборови:** протести, народ, одбрана, предавници, професионални патриоти.

## Краток вовед

Со оглед на фактот што политичките случувања во Македонија се одвиваат со брзина на светлината, особено во последните две години, овој вовед ќе биде исклучително краток и поедноставен за да можеме да стигнеме до темата за (зло)употребата на терминот патриоти во актуелниот момент.

Политичката криза во Македонија трае година и половина, а започна со објавувањето на таканаречените „бомби“ од страна на лидерот на опозицијата Зоран Заев. Овие бомби се извадоци од прислушувани разговори на политичари и функционери од Македонија, кои содржат сериозни индикации за криминални дела на највисоки државни функционери од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, која ја држи власта во Македонија од 2006 година. Опозицијата тврди дека власта прислушувала околу 20 000 луѓе, додека власта тврди дека прислушуваните разговори се дело на странски служби. Со оглед на партизацијата на речиси сите државни институции, процесуирањето на овие индиции за криминал се силно ограничени. Поради политичката парализа на јавното обвинителство и судството како резултат на Пржинскиот договор во Македонија се формира Специјално јавно обвинителство, кое треба да ги истражува индициите за криминал од прислушуваните разговори. СЈО веќе објави информации за своите истражни постапки за неколку предмети во

кои се осомничени и највисоките функционери од власта. На 12 април 2016 година, претседателот на РМ Ѓорге Иванов објави аболиција за 56 лица, наводно со намера да се смират тензиите меѓу политичарите, и тие да влезат во изборен процес неоптоварени од истраги и евентуални обвиненија. Од 56 лица, 54 се функционери на власта или нејзини извршители, а 2 се припадници на опозицијата. Од тој ден започнаа масовни протести во Скопје и во другите градови низ Македонија како реакција на ваквата одлука на претседателот. Овие протести стануваат познати под терминот „Шарена револуција“[1], предводена од граѓански здруженија и поддржана од опозицијата. Истовремено, доследно на традицијата на контрапротести, Граѓанското движење за одбрана на Македонија исто така организира масовни протести против аболицијата на претседателот, но за двајца припадници на опозицијата од нив третирани како наемници на странски служби и според тоа предавници. На почетокот, паралелно со протестите на Шарената револуција, се организираа и протестите на ГДОМ, за подоцна тие да се фокусираат на помалите градови низ Македонија, а Скопје да го „препуштат“ на опозициските изрази на незадоволство. Протестантите од Шарената револуција протестираа секој ден од 12.4.2016 година до 6.6.2016, и тоа се вкупно 56 дена континуирани протести низ улиците на Скопје. Збирно место беа канцелариите на Специјалното јавно обвинителство, секој ден во 18 часот (освен недела), како израз на поддршка за нивната работа во истражувањето на криминалите на власта. Од 6.6.2016 нивните активности се насочени на блокади на сообраќајниците низ Скопје и другите градови низ Македонија, разни „герила-акции“ и повремени протестни маршеви со кои ги испраќаат своите пораки и ултиматуми.

Со оглед на тоа што се работи за огромен материјал низ кој може да се анализира оваа тема, текстот морам да го ограничам на случувањата со протестите што започнаа на 12 април како реакција на аболицијата на претседателот на РМ. Со оглед на тоа што за потребите на овој текст е најинтересна реториката на граѓаните што се обединети околу „одбраната на Македонија“, главните извори се колумните, неколку интервјуа и говори на поддржувачи на ова движење во овој протестен период, објавени во двата портали што се познати како провладини медиуми: Курир и Република. Меѓу цитираните колумнисти има и такви што експлицитно не се идентификувале како членови или поддржувачи на ГДОМ, но целосно се согласуваат околу овој „гдомовски вид на патриотизам“. Од друга страна, недостасуваат изјавите на некои од клучните лица што честопати ги насочуваат или ги водат тезите на другите, но со оглед на фактот што во овој случај се важни клучните места на овој вид на патриотизам, не мора задолжително да одиме во такви детали.

1 Револуцијата го доби епитетот „шарена“ поради праксата на фрлање боја на некои од спомениците од владиниот проект со наслов „Скопје 2014“ во чии рамки беа изградени многу споменици и згради главно во центарот на Скопје. Овој проект за многу кратко време речиси целосно го промени ликот на центарот на градот до степен на непрепознатливост преку многубројните барокни фасади и споменици што би требало да го потврдат и зајакнат чувството за долготрајниот историски континуитет на македонскиот народ почнувајќи од античкиот период.

## Гдомовските патриотски мантри – клучни места

Граѓанското движење за одбрана на Македонија се појави во февруари 2015 година како реакција на објавувањето на „бомбите“ од страна на опозицискиот лидер. Прислушуваните материјали и тие ги третираат како резултат на соработката на опозицијата со странските служби. Нивното главно мото е дека „*националните интереси треба секому да му бидат најважни од сè*“[2] („По масовната поддршка од цела Македонија - ГДОМ започнува со трибини низ повеќе градови“, Пресс 24, 11.2.2015). Членовите на ова движење, соодветно на главното мото, се ревносни поддржувачи на партијата на власт ВМРО-ДМПНЕ, и во овие новонастанати околности индициите за криминал во прислушуваните разговори на челниците од оваа партија ги третираат исто како и лидерот на партијата Никола Груевски. Тие се „сечени, лепени и монтирани“, па според тоа се неверодостојни. Со оглед на нивниот заеднички став за потеклото на овие „нелегално прибавени прислушувани материјали“ спроведени од домашни платеници на странските служби, согласноста меѓу ГДОМ и ВМРО-ДПМНЕ е постигната и околу сериозните закани за опстојувањето на македонската држава што доаѓаат однадвор преку домашните платеници и предавници на македонскиот народ и држава.

Така, истакнатите претставници на ГДОМ сметаат дека патриотизмот ги поврзува со партијата на власт бидејќи според нив во ВМРО-ДПМНЕ членуваат најголемите патриоти и затоа вреди да се брани и партијата на власт: „*вистинските причини за дестабилизацијата – целосно уништување на најмоќната партија во државата која е заштитник на македонскиот народ и идентитет, принудна промена на името и федерализација на државата*“ (Мирчевски, Ненад. „Црното сценарио се прикрива со шарени лаги“. Република, 28.4.2016). Даворин Трпески, во својата книга со наслов „Кој го поседува минатото? Културната политика и заштитата на културното наследство во постсоцијалистичка Македонија“, дава концизен краток преглед на историјата на оваа партија. Клучните идентификациски точки на оваа партија се конзервативна и десно од центарот. Иако низ историјата таа се обидела да се помести кон граѓанскиот западноевропски концепт, обидот е очигледно неуспешен бидејќи како клучни зборови што ја обележуваат оваа партија сè уште во игра се: етничка и популистичка партија, со одредени елементи блиски на национализмот и на религискиот фундаментализам, фокус на националната историја и застапување на традиционалните вредности (види повеќе кај Трпески 2013: 77–82). Според тоа што во оваа политичка криза партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ е во извесна смисла загрозена, поддржувачите на ГДОМ постојано испраќаат изрази на поддршка точно поради нивната блискост во однос на погоре наведените точки. Најсликовити се изјавите на Миленко Неделковски за кого да се биде Македонец истовремено значи да си христијанин, ВМРО, па соодветно на тоа да си патриот што значи да си ја сакаш татковината, и за тоа треба да го поддржиш лидерството на државата, кое има слични тези за тоа што значи да си Македонец: „*Сега се гледа кој е Македонец, христијанин, ВМРО, патриот, домољуб, антифашист… (…) Единствената политичка и лидерска сила во Македонија е ВМРО со Никола Груевски. Друга нема ниту на повидок. И тоа народот, без разлика дали*

2 Цитатите од колумните и интервјуата не се лекторирани. Грешките се составен дел на оригиналниот текст.

*е некој ВМРО или не, го чуствува и знае. (...) Нашето лидерство, велам на повидок нема ниту едно друго, ја избрало оваа маченичка тактика. Тактика на трпение спасение, тактика на христијанска помирливост...*“ (Неделковски, Миленко. „Кога тоа и било лесно на Македонија“. Курир, 29.4.2016). „*ВМРО, па дури и ДПМНЕ, не е партија! Не е политичка групирока од луѓе. ВМРО е идеа, филозофија, начин на живот, историја, сегашност, иднина...* ***За ВМРО не се гласа – ВМРО е целата Гоцева раса*** (моја нагласка). *Па така, ова сенационално движење со историско име ВМРО невозможно е да биде победено од скороевичи, странци на привремена работа во Македонија, измеќари, хомосексуалци, синови на кодоши, црпнати... (...) Ова е народ, НАРОДИШТЕ. Овој народ е ВМРО. ВМРО е идеја, филозофија, историја, сегапност, иднина, начин на живот, стил на погибија...*“ (Неделковски, Миленко. „И сеа шо бе?“. Курир, 07.5.2016). Според оваа реторика на поддршка за партијата на власт, треба да се согласиме дека „режимите што успешно играат на националистичката карта можат долго да се одржат и тогаш кога им паѓа популарноста“ (Smit 1998: 259).

Постојат неколку точки што редовно се повторуваат во исказите на различни поддржувачи на ГДОМ, изразени во сличен стил, што подразбира дека меѓу нив постои силен консензус во однос на прашањето на „гдомовскиот вид“ на патриотизам. Некои од тие клучни места се: потенцирање на мисијата на државата и нејзините институции за засилување на македонскиот национален идентитет, потенцирање на исконското својство на сопствениот народ и неговата култура, религиска подлога на националниот идентитет на Македонецот и соодветно „анатемосување“ на неприпадниците по различни основи, митологизирање на историјата: митот за фиктивна лоза и претпоставени предци, приврзаност кон земјата, татковината; симболите на националниот идентитет имаат аура на светост (земја, предци, жртви, име, историски случувања) итн. (види на пример кај Smit 1998).

Во контекст на поддршката на владејачката партија и соодветно на државната политика на владејачката партија, државните институции постојат најпрво за да го создаваат и зајакнуваат чувството за национален идентитет и државност. Таква, според еден колумнист, требало отсекогаш да биде Македонската радио-телевизија, а нејзините директори се разликуваат според свесноста за оваа значајна задача на националниот сервис: „*Душата Орданоски кој некогаш беше директор на МТВ и од таа позиција требаше со сите сили да го засилува македонскиот национален идентитет и државност...*“ (Андонов, Оливер. „Озлобеност на интелектуално дно или мрачни души“. Курир, 24.5.2016). Оваа идеја за силната врска меѓу државните институции и националниот идентитет е толку логична што инсистирањето за поделба меѓу партијата[3] и државата изгледа како формалност. Затоа професорот Даштевски самоуверено вели: „*Сосема на крај, сакам да ја акцентирам онаа веќе излитена премиса за потреба за одвојување на партијата од државата. Ако веќе не е случено, тоа под ИТНО треба да се случи. Сепак мислам дека странските пријатели повторно ќе се соочат со проблем, во поимањето на таквото ‘разграничување’. Државата се одделува од партијата -да, но народот од ВМРО – Никогаш!*“ (Даштевски, Александар. „Ако те бранат Холанѓани – сигурно си во Сребреница“. Курир, 6.5.2016).

3 Во овој случај врската е помеѓу ВМРО-ДПМНЕ како заштитник на националните интереси, а истовремено е партија на власт што е обвинета дека ги окупирала институциите на државата.

Неистомислениците, опозиционерите, критичарите на власта се најпрво обвинети за недостигот на патриотизам, честопати преку лични дисквалификации на луѓе именувани со име и презиме, идентификувани на пример како: *„интелектуално дно“, „мрачни души“*, полни со омраза, кои го понижуваат и му се потсмеваат на својот народ и на нацијата (Андонов, Оливер. „Озлобеност на интелектуално дно или мрачни души“. Курир, 24.5.2016). Сексуалната ориентација исто така честопати се користи за дискредитирање соодветно на силната религиска, поточно православна христијанска подлога на патриотите, па така учесниците или поддржувачите на Шарената револуција се: „хомосексуалци и радодајки“, а може да бидат и „наркоманчиња, педерчиња, нискомозочни суштества, лесно манипулативни особи…“ (Неделковски, Миленко. „Не ќе да е до народот“. Курир, 30.5.2016). Според верникот Оливер Андонов, се работи за богохулно друштво на кое му треба проповедање за сите видови на грешници што го сочинуваат: „*...за гревовноста на богоотпадништвото, мужеложништвото, анархизмот, побуната против Бога, противприродниот блуд и сите можни погубни влијанија на непријателот на човечкиот род? (...) Виножитото кое го земаа за свое знаме е директно ругање на заветот кој Бог им го даде на луѓето по потопот*“ (Андонов, Оливер. „В лице светци, в срце в’лци“. Курир, 4.5.2016).

Особено интересна е споредбата што ги користи стереотипите за исламската држава со сите придружни асоцијации за насилство, агресија, смрт, масакри. Овде навистина имам проблем да си ги објаснам аналогиите освен како стратегија за заплашување на „широките народни маси“, кои имаат ограничени капацитети, и кај нив може да помине сè што застрашува. Дилемата е дали ова може да се толкува како омаловажување на љубениот народ или пак е само себеомаловажување на авторот што е неизбежна последица на ваквите тези: „*Единствен пандан во современиот свет на овие шатро-револуционери, по концептот на уништувањето и степенот на негативната енеригја, што ја внесуваат во своите ’борбени‘ стратегии, денес се припадниците на исламскиот калифат. (...) Не случајно, помеѓу фарбачите со катапулти, од кои фрлаат презервативи полни со боја и поклониците на ИСИЛ, има нескриена симпатија и соработка. ’Сега – боја, а потоа глави‘ – за секого има работа, според преференците и стилот. Удирањето по архитектурата и уметноста е само супститут за неможноста да се удира по живи луѓе. Доколку им се пружи можност да воспостават сила врз општествената заедница, брзо фасадите и скулптурите ќе бидат заменети со масакри врз граѓаните, кои не мислат како нив*“ (Станковски, Ацо. „Промашувања со умисла“. Република, 29.5.2016).

Во обвиненијата за непатриотизам речиси задолжително се вплеткуваат жртвите на предците за татковината за чија „крв“ не покажуваат ни малку почит: „*ништо не се саможртвите на нашите претходници, па дури и на оние кои во нашето современие ги положија своите животи за татковината*“ (Андонов, Оливер. „Озлобеност на интелектуално дно или мрачни души“. Курир, 24.5.2016). Култот кон бранителите на народот и државата нив ги идентификува како длабоко хумани херои, а умирањето и пролевањето крв за сопствената држава се високи вредности што се тешко разбирливи за непатриотите: „*...никогаш нема да ги разберат зборовите на полицаецот-херој кој им рече на мигрантите: ’Ова е мојата држава и подготвен сум да умрам за неа‘. Уште помалку ќе сфатат зошто илјадници и илјадници Македонци низ вековите гинеле за денес ние да имаме своја држава (...) ...не треба да*

*се очекува нешто да им значи името Македонија или нивниот македонски идентитет*“ (Радовановиќ, Ирена. „Да ви се ’деси‘ Куманово“. Курир, 16.4.2016).

Штом „шарените“ не се вклопуваат по ниту еден основ кон гдомовскиот вид на патриотизам, логично е што од сите гдомовци се идентификувани како платеници како резиме на непочитувањето на основниот принцип на ова движење. Штом парите се поважни од љубовта кон татковината, овие изманипулирани души се подложни на туѓи, странски влијанија и работат заедно со нив на разнебитување на татковината. Странските служби, СОРОС и КАНВАС се најголемите виновници за уривање на темелите на државата, но и меѓународната заедница, амбасадорите во РМ може да бидат подеднакво одговорни: „*криминалното подземје и ’надворешните пријатели‘ меѓу кои амбасадори, Сорос, ’Канвас‘, припадници на странски служби… решени се да одат до крај во намерата да го урнат целиот систем на државата до темел, по цена да предизвикаат ескалација на кризата, која може да доведе до крвав судир меѓу Македонците*“ (Мирчевски, Ненад. „Ќе победи ли разумот или ќе се удавиме во сопствената крв?“. Република, 22.4.2016). И универзитетскиот професор Оливер Андонов, кој се претставува како експерт по безбедност и е голем православен христијанин, смета на евентуални крвави сценарија и, соодветно на неговата религиозност, за тоа ги обвинува оние што немаат силни или соодветни религиозни искуства – НВО, исламистите, ЛГБТ-заедницата, левичарите: „*да продолжи со својата крвава работа, сесрдно потпомогнато од разно-разни невладини организации, радикални елементи финансирани од нејасни исламистички фондови, ЛГБТ заедницата, таканаречени левичари и други сподоби*“ (Андонов, Оливер. „Конкретните резултати од работата на СЈО (живот во пеколот)“. Курир, 1.5.2016). Оваа опседнатост со домашните предавници и странците е соодветна на ставот дека тоа е всушност еден од најефикасните начини за обединување на народот против аутсајдерите (Хобсбаум 1993: 132).

Граѓанските здруженија заедно со опозицијата се идентификуваните внатрешни непријатели на Македонија: „*тукашни невладини здруженија и здруженија кои под плаштот на ’хуманоста‘ и на социјалната еднаквост подолго време ја подриваат државата*“ (Мирчевски, Ненад. „Црното сценарио се прикрива со шарени лаги“. Република, 28.4.2016). Не случајно на еден од говорите на средбите на ГДОМ во овој период од Александар Пандов беше побарано од Уставниот суд привремено да ги укине оние граѓански здруженија, но и политички партии што тие ги идентификуваат како предавници што работат против интересите на државата.

Може да се заклучи дека гдомовскиот вид на патриотизам во голема мерка се потпира на претставите за опасните странци, кои се идентификувани преку странските служби, амбасадорите, СОРОС, КАНВАС итн. Улрих Билефелд во својата книга со наслов „Странци: пријатели или непријатели“ нашироко го разработува феноменот на стравот од странците. Тој вели: „мешавината на реалниот и замислениот странец ја дава сликата за странецот што е исклучително погодна за процесите на повлекување граници заедно со мешањето на имагинацијата и стварноста“. Не е секогаш неопходно постоењето на странците за да се „создадат странци“ ниту пак е неопходно нивното постоење за постоењето на стравот од нив. „’Опасните странци‘ се секогаш многубројни и моќни, дури и тогаш кога се малобројни и слаби“ (Bilefeld 1998: 161). Веројатно актуелниот третман на странците во македонскиот контекст би бил совршена илустрација за неговата тема.

Ваквата идеја за опасните странци е погодна за исклучително имагинативните теории на заговор во кои централно место има светата земја Македонија: „*дека Македонија е еден од невралгичните центри на планетава и секој, што се обидел да спроведе терор и неправда врз оваа света земја, ќе се соочи со ист таков удар од Провидението*" (Станковски, Ацо. „Кукавици". Република, 18.4.2016). Соодветно на светоста на Македонија, натприродни казни ги чекаат оние што несоодветно ќе ја истретираат. Освен ваквите романтични изливи на љубов кон сопствената света земја, во рамките на теориите на заговор намерите на странците се практично прочитани од речиси сите патриоти: „*Лесна маса за манипулирање и заведување за некој да си работи на сценариото уништување на Македонија и нејзино бришење од мапата на државите. А на такво сценарио се работи уште од поодамна*" (Радовановиќ, Ирена. „Да ви се 'деси' Куманово". Курир, 16.4.2016).

Македонскиот народ пак е мудар, толерантен и мирољубив (Мирчевски, Ненад. „Ќе победи ли разумот или ќе се удавиме во сопствената крв?". Република, 22.4.2016), што успева со стоичка смиреност да ги проголта грешките на предавниците на националните интереси (Станковски, Ацо. „Бегај, Зајко, бегај!". Република, 9.5.2016). Овој народ има свој генетски код или како што Александар Пандов често ги определува Македонците по род, па меѓу другите цели за уништување од страна на предавниците, како името, државата итн., се наоѓа и уништувањето на ова посебно семе: „*со години наназад се обидуваат на силеџиски начин да го сменат името, да го избришат генетскиот код на Македонците и да ја растурат државата*" (Мирчевски, Ненад. „Црното сценарио се прикрива со шарени лаги". Република, 28.4.2016). Овој примордијалистички концепт за етничката припадност е опасно исклучувачки во рамките на една држава што истовремено се идентификува како мултикултурна. Така, за некои од патриотите токму мултикултурната определба може да претставува опасност за македонскиот генетски код: „*намерата за редефинирање на општествениот систем зад кое се крие федерализација на државата, на воведувањето двојазичност, на притисокот за промена на името и на бришење на идентитетот на македонскиот народ*" (Мирчевски, Ненад. „Ајде да се преброиме". Република, 13.5.2016).

Овој посебен народ, кој истовремено е избран народ, но и жртва, на крајот ќе се избори за себе и за својата држава зашто: „*Македонија е вечна колу и да се обидуваат да го уништат нејзиниот дух и гордост овие продадени сатрапи*" (Андонов, Оливер. „За методите и начините на функциоирање на СЈО". Курир, 22.4.2016). Она што толку неизмерно се сака „пред сè и над сè" мора да биде „исконско". Така, континуитетот, според гдомовскиот вид на патриотизам, е исклучително долг и оди најмалку до Александар. Во една од колумните посветена на овој критичен и кризен период за Македонија, Миленко Неделковски тргнува токму оттаму: „*Во Македонија работата во моментов била многу тешка и времето било ептен опасно!!! Точно е тоа. Но, да ве прашам јас сите ВАС. Да ве праша Батко Миленко. КОГА ТОА НА МАКЕДОНИЈА НЕ И БИЛО ТЕШКО??? Кога тоа не било опасно да се живее во Македонија и да се биде горд Македонец? Кога тоа во Македонија било лесно, релаксирано, неопасно, растеретено??? Кога бе та било лесно на ова парче земја натопено со крв, солзи и пот??? Кога, а? (...) Дали било лесно пред два-и-пол милениума кога по смртта на Александар почнало да се крчми и распаѓа неговото царство?*" (Неделковски, Миленко. „Кога тоа и било лесно на Македонија".

Курир, 29.4.2016). Тргнувајќи оттаму, па резимирано низ разни личности и настани со намера да ја отсликаат вековната тешка состојба на македонскиот народ, стигнува до современата историја: „*Или кога ги гледавме мртвите и изгорени тела на нашите војници и полицајци што загинаа во заседи откако беа предадени од Бучковски и Трајковски?! Полесно ли беше за време на масакрите во Вејце, Карпалак, Љуботенски бачила? Тогаш ли беше полесно од денеска? Полесно ли беше кога гледавме како тројцата национални предавници Борис Трајковски, Љупчо Георгиевски и Бранко Црвековски потпишуваат капитулација пред група албански терористи и шака странски рекетари во Охрид?*“ (Неделковски, Миленко. „Кога тоа и било лесно на Македонија“. Курир, 29.4.2016). Според тоа, може да се констатира дека тежината е суштинска за Македонецот и е негова вообичаена состојба на која се навикнал овој народ во тој долг континуитет на неправди кон него. Сепак, најилустративен цитат што резимира неколку тези на овој вид патриотизам е оној за јаремите кога македонскиот народ и неговата невиност пред историјата се претставени преку македонските девици убавици обесчестени од турските силеџии: „*Дали било полесно под турскиот јарем? Лесно ли било со данок во крв, со обесчестување на македонските девици убави моми од турску силеџии? Дали било лесно кога црквата не смеела да биде повисоко од џамијата*?“ (Неделковски, Миленко. „Кога тоа и било лесно на Македонија“. Курир, 29.4.2016). Овој континуитет во претставите за Македонецот како жртва подразбира истовремено и издржливост, па според тоа може да се констатира континуитетот и во оваа македонска особина низ вековите: „*Народот Македонски, овој сегашниов современиов, ги покажува сите атрибути на своите предци. Пред се издржливост*“ (Неделковски, Миленко. „Кога тоа и било лесно на Македонија“. Курир, 29.4.2016). Сега кога повторно поседуваме независна држава по 2350 години, таа е под закана од предавниците, а вистинските Македонци се препознаваат во вакви времиња на кризи кога треба да се жртвуваат за ова свето име: „*Македонија чекала 2350 години за повтроно да има незавосна држава. Чекала 5 века за да им го види грбот на турците. Чекала 60 години за да ги порази џелатите на Ченто и Панко. (...) Гемиџиите порачале: ’Се арчиме за Македонија‘. Сега, драги мои современици дојде ред ние да се арчиме за Македонија. Сега ќе се види кој е Македонец. Сега ќе се види кој се арчи за ова свето име*“ (Неделковски, Миленко. „Кога тоа и било лесно на Македонија“. Курир, 29.4.2016). Антони Смит оваа тенденција ја идентификува вака: „...националистите повторно ги откривале и често ги преувеличувале херојството на минатите периоди, славните достигнувања на претходните цивилизации (кои често не биле ’нивни сопствени‘) и подвизите на своите големи национални херои, дури и кога тие херои повеќе спаѓаат во областа на легендите отколку во историјата и, доколку некогаш постоеле, немале поим за нацијата што сега толку ревносно ги враќа од мракот на заборавот“ (Smit 1998: 201).

Страданието низ вечноста е вредност особено кога резултатот на таа мака е издржливоста низ вековите. Според овие квалитети што ги поседува македонскиот народ во тој долг историски континуитет треба да се заклучи дека „*ние сме како Христос. Народ предодреден да страда, да се мачи – но да издржи и да им го покаже патот на сите верници и неверници*“ (Неделковски, Миленко. „Кога тоа и било лесно на Македонија“. Курир, 29.4.2016). Оваа христијанска реторика со своите позитивни конотации е специфична во романтичарските изливи на чувства кон сопствениот народ, предците, жртвите за татковината итн. Исто така, специфична е

една христијанска реторика што се користи за да ги обележи противниците и секако неверниците. На пример, универзитетската професорка Тања Каракамишева-Јовановска, зборувајќи за недостигот на лојалност кон државата на лидерот на опозицијата, него го идентификува како национален Луцифер и Јуда, а неговите поддржувачи соодветно се национални Луцифери и монструми: „*наши, национални Луцифери. (...) Главниот Луцифер, кој е церемонијал-мајстор на локалните извршители Луцифери создаде многу монструми во државниот систем под паролата владеење на правото, а всушност вистината е владеење на странците. (...) Тој наш Јуда нема проблем да уништи с` што им припаѓа на сите. За него ништо не е свето. Ништо не е важно освен сопствениот интерес, сопственото его и егото на неговиот татко Луцифер*“ (Каракамишева-Јовановска, Тања. „Нашите национални Луцифери“. Курир, 4.5.2016).

Иако повеќето од колумнистите честопати звучат слично на цитатот погоре, сепак еден меѓу нив посебно се истакнува според својата верба во Бога, и врските што тој успева да ги направи меѓу политичките случувања и безбожништвото се неверојатни. Универзитетскиот професор Оливер Андонов смета дека за антидржавно дејствување, освен пред народот и световните судови, предавниците ќе треба да одговараат и пред вечниот суд. Тие имаат недостиг на ваква свест зашто се комунисти што не веруваат во бесмртноста и во Христа. Лидерите на опозицијата се човекојадци, кнезови на темнината, а нивните следбеници се свита на канибали, кои одат по душите на сонародниците. Соодветно на тоа, опозициската партија е олицетворение на злото, а македонскиот народ е олицетворение на доброто. И на крајот, најинтересната духовна порака на овој автор кон македонскиот народ е велигденската радост што треба да ја манифестираат верниците за овој голем христијански празник, и тоа како пркос на една толку овоземска институција како што е СЈО и на нејзините резултати: „*Одговорот за своето антидржавно делување ќе треба еден ден да го дадат пред народот, а се надевам и пред судовите на Македонија, но најголемиот одговор за уништените животи и души испратени во вечноста ќе треба да го дадат на вечниот суд. Знаејќи ја нивната комунистичка и богоборна духовна состојба знам дека со овие мои зборови ќе ме земат на подбив, бидејќи не веруваат во бесмртноста и во Христа (...) го распнуваат сопствениот народ. (...) Истурањето на омраза, фрустрираност, нечовечност и над се нељубов кон сопствениот народ и татковината ја достигнуваат својата кулминација. Човекојадецот со својата свита на канибали оди по душите на своите сонародници. Ова е борба меѓу злото (СДСМ) и доброто (народот Македонски). (...) Сепак, како и да е и ова ќе заврши, Македонскиот народ имал многу тешки мигови и овие ќе ги надмине. Нечовечните специјални обвинители и нвините озлобени партенери од СДСМ ќе се засрамат и ќе потонат како Јуда предавникот. На крајот од се, животот ја победи смртта и за тоа е доказ Христос. Да се радуваме на животот мој народе Македонски, граѓани на Македонија, да ја презреме смртта и нејзините промотори поттикнати од кнезот на темнината. Да се зарадуваме на вечниот живот на вечната светлина на Велигден, како наш пркос кон 'резултатите' на СЈО*“ (Андонов, Оливер. „Конкретните резултати од работата на СЈО (живот во пеколот)“. Курир, 1.5.2016). На крајот, по ваква реторика навистина е сомнителен заклучокот на истиот автор – како тоа „*Македонскиот народ иако распнуван низ историјата, иако распнат и денес, знае да простува и да љуби*“ (Андонов, Оливер. „В лице светци, в срце в'лци“. Курир, 4.5.2016).

Како резиме на споменатите клучни места на „гдомовскиот вид на патриотизам“ и во контекст на актуелната состојба во Македонија совршено одговараат карактеристиките што ги дава Антони Смит за новоформираните етнополитички демотски етнички заедници: „народно учество, а не граѓански и политички права; популистичка организација повеќе отколку демократски партии; интервенција на народната национална држава, а не заштита на малцинствата и поединците од вплеткување на државата“ (Smit 1998: 204).

## Професионалните патриоти[4] во Македонија

Граѓанското движење за одбрана на Македонија е поддржано од разни профили на луѓе. Тука се вклучени драматурзи, актери, музичари, политички аналитичари, синдикалци, фудбалски легенди, пензионери, моторџии, бранители... („По масовната поддршка од цела Македонија - ГДОМ започнува со трибини низ повеќе градови“, Пресс 24, 11.2.2015). Меѓу предводниците се наоѓаат и неколку универзитетски професори. Во некои медиуми професорката Виолета Ачковска е претставена како една од предводничките на движењето. Проф. д-р Виолета Ачковска е редовен професор на Филозофскиот факултет при УКИМ, доктор на историски науки. Таа има свој став по повод протестите на Шарената револуција. Тој став очигледно се поклопува со ставовите на нејзините колеги по патриотизам, дури и според поетичноста на нејзиниот израз кога зборува за историските настани што се зачинети со силни зборови: „*насилниците газат на достоинството на нашите предци, плукаат врз нивните гробови и нивните жртви*“. Протестот со фрлање балони со боја врз еден од спомениците од проектот „Скопје 2014“ таа го интерпретира на следниов начин: „*Порта Македонија е споменик на сите македонски борби низ историјата. Ако ги проследите релјефите тоа е од најстарите времиња она кое ни останало како наше име Македонија се до денешната македонска независност и слобода. Тоа за мене е симбол на една борба која се водела со векови од македонскиот народ за своја државност. Секој кој ќе се обиде да скврнави еден споменик кој е симбол на државноста значи дека ја руши македонската државност. Тоа е факт и тоа не можам да го одрекувам. Сега ги гледав оние релјефи кои се испрскани со грозни бои*“. Соодветно на нејзината титула како доктор по историски науки се наоѓа повикана стручно да предупреди речиси во форма на клетва „*дека треба да запомниме дека народ кој нема свое минато и историја, нема да има ниту своја иднина*“. Во контекст на штетите од протестите на Шарената револуција таа извлекува

4 Терминот професионални патриоти е преземен од текстот на Иван Ковачевиќ (види Ковачевић 2006: 110). Во тој контекст и во однос на трансформацијата на националните науки во Србија Милош Миленковиќ вели: „Така и етнографијата во оваа сериозна и долга внатредисциплинарна војна го носи тешкото бреме на ненаучност, примитивистички традиционализам, речиси како сигнали за етнологијата како професионален фолклористички патриотизам наспроти идејата за сериозна и одговорна општествено-хуманистичка наука за иднината на заедницата“ (Milenković 2010: 31). Конечно, ваква одговорност треба да понесат и македонските национални дисциплини, не само во трансформацијата на сопствениот кадар во врска со овие прашања туку и активистички да дејствуваат за промена на јавниот дискурс во однос на асоцијациите за нивните должности.

бројни примери од македонската страдалничка историја со директни аналогии што секако не мора да имаат подлога во реалноста. Така, во оваа приказна дрско се повикуваат историски силни слики како што се децата бегалци од Граѓанската војна во Грција, илинденците, партизаните итн.: „*Таа вели дека осквернавен е и релјефот на децата кои биле гонети од граѓанската војна од Грција. -Тие прогонети деца кои беа насилно одземени од прегратките на мајките кои и ден денес ги носат тие трауми во својата душа и сега веќе се старци, но никогаш не го преболеле тоа време кога ги оделиле од прегратката на мајката. (...) Професорката истакна дека се оштетени и спомените на Илинденците кои се спомнуваат во македонската химна. Ваквото однесување според неа претставува голем срам за сите оние кои ги скврнават споменициte*“. Со оглед на тоа што се работи за интервју за порталот Курир по повод протестите, веројатно е дозволено таа со публиката да ги сподели и своите естетски норми во овој поглед. Секако, добро е да ги имаме на ум овие вредности додека ги читаме нејзините научни трудови: „*Тој дел вие да го оштетите од овој прекрасен споменик кој го краси Скопје и се надевам дека за идните генерации ќе биде симболот на овој град, за мене тоа е несфатливо*“. И на крајот, најилустративна во контекст на насловот на оваа глава е лекцијата по историја, која конечно и најдиректно ги поврзува историчарката и човекот Ачковска. За неа како историчарка и како човек предците, нивната борба и жед за слобода, патриотизмот и државата претставуваат светост: „*Не говорам само како историчар, туку како човек кој длабоко се противи на секое насилство, како човек кој смета дека треба да се негуваат револуционерните, историските традиции бидејќи народ кој нема свое минато, нема ни своја иднина. Ние мора да ја научиме историската школа, да ги почитуваме предците, да ја почитуваме нивната борба, нивната жед за слобода и со сите сили, сите со многу љубов, со многу патриотизам да се обединиме и да си ја сочуваме нашата држава од сите оние кои посегнуваат по сето она што претставува наша светост*“ („Украинското сценарио на СДСМ и СОРОС е срам и предавство на Македонија“. Курир, 19.4.2016). Овде сакам да додадам само две поенти, кои Андерсон ги нарекува парадокси, а се во контекст на изјавата погоре. Првиот парадокс подразбира дека историчарот неизбежно мора да знае за објективната модерност на нациите наспроти националистите што сметаат на нивната субјективна древност. Вториот парадокс во овој контекст гласи дека национализмот има „политичка“ моќ, но е филозофски сиромашен и носи збрканост (Андерсон 1998: 18).

Меѓу поддржувачите на ГДОМ е и Тања Каракамишева-Јовановска, професорка по Уставно право и политички систем на Правниот факултет при УКИМ. Оваа професорка е особено интересна бидејќи преку „опуштените“ изрази во вид на колумни се наѕираат нејзините интервенции и нејзиниот ангажман во многу попрактични владини политики. Проф. д-р Тања Каракамишева-Јовановска има навистина посебно искуство штом е во можност лојалноста кон државата да ја идентификува како врвна човечка вредност. За неа нема друга, слична, заменлива, споредлива величина како оваа. „*Да се биде лојален кон сопствената земја значи, пред се, да се почитува сопствената татковина и сопствениот народ. Со сите нејзини доблести и мани. Да се почитуваат граѓаните што се нејзин нераскинлив дел, но и да се почитуваат нејзините симболи (химна, знаме, грб), нејзиното име, нејзините политички институции, државни органи и тела, правосудни органи, нејзиниот*

*економски и финансиски систем, нејзината историја и традиција, нејзините културни обележја, споменици, паметници, нејзините природни богатства и убавини, нејзините успеси и национални гордости. Накратко – почит кон с`што татковината го има*“. Што ли се случува со другите лојалности на еден поединец и каде воопшто тие се наоѓаат на скалата на вредности ако вака се поставени нештата е навистина важно прашање: „*Тие што вистински ја сакаат својата татковина го знаат тоа исконско чувство на чиста љубов и чисти емоции кога ќе се спомне името Република Македонија. (...) Ако основната вредност на лојалноста кон татковината е да се ставаат интересите на земјата над сопствените, личните, како и туѓите интереси или задоволства, тогаш тука споредба нема*“.

Да кажеме дека овие изливи на чувства се моментално поттикнати, како кога луѓето споделуваат емотивно преоптоварени нешта под дејство на супстанции, притисоци, ситуации, други луѓе итн., па ќе каже: „*Сите останати немаат право, освен ако не им го дозволиме тоа, да ни ја уништат нашата единствена родна грутка, нашата една, единствена мајка татковина...*“ (Каракамишева-Јовановска, Тања. „Нашите национални Луцифери“. Курир, 4.5.2016). Можам да се согласам дека под дејство на овој вид патриотизам луѓето се спремни да ги положат своите животи за каузата, на пример за „одбрана на Македонија“ во една поетична смисла на зборот, и тоа познатиот Андерсон го идентификува како еден вид на позитивна функција на национализмот, и не мисли на умирањето, туку на чувствата: „корисно е да се потсетиме дека нациите вдахнуваат љубов, а често дури и длабока самопожртвувана љубов“ (Андерсон 1998: 201). Но проблемот е секако грандиозен кога жена со вакви нежни чувства кон татковината се чувствува комотно да ја дефинира ситуацијата како борба помеѓу народот и граѓаните, односно граѓанските здруженија против народот. Тука многу впечатливо се испреплетуваат нејзините евентуални професионални квалификации со човечките на ревносна македонска патриотка. Таа смета дека луѓето ангажирани во граѓанските здруженија се државни и народни непријатели: „*кои за жал замаени од мирисот на парите се вртат и против државата, и против сопствениот народ. Нашите здруженија на граѓани што во децениски континуитет се финансирани од овие антидржавни пари веќе сериозно имаат изградено инфраструктура од претежно млади лица инволвирани во разноразни проекти преку кои тие и фактички спроведуваат прецизни западни инструкции како да се смени власта што не му одговара на финансиерот, и како да се разнебити државата со цел елиминирање на мнозинството граѓани од процесите на политичкото одлучување*“. Дали тука случајно е употребена навредлива реторика за младите граѓански активисти неспособни за патриотско резонирање или пак се работи за повисока политика на: „*процеси за инволвирање неофашистичка политика во земјата што ќе оди директно против интересите на Македонците*“? Најсуштинскиот проблем на професионалниот патриотизам е кога овие поединечни и лични теории ќе замешаат прсти во професионалните калкулации за разоружување на противникот, па затоа може професорката Каракамишева-Јовановска заради повисоки патриотски цели на посебен начин да го протолкува членот 20 во Уставот на РМ: „*Кога во земјата апла се гледа дека поголемиот дел од граѓанските организации работат и дејствуваат против државата, против уставниот поредок на системот, и против стабилноста на државата, редно време е да се зафатиме со расчистување на овие структури. На тоа не обврзува и Уставот на Република Ма-*

*кедонија каде во член 20 јасно стои дека програмите и дејствувањето на здруженијата на граѓаните и на политичките партии не можат да бидат насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката, и кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна, или верска омраза или нетрпеливост*“. Професорката Каракамишева-Јовановска не може да си ја претпостави веројатноста овој член да биде исто така протолкуван и од спротивставената страна зашто има можности изјавите на поддржувачите да се идентификуваат како „насилно уривање на уставниот поредок на Републиката, кон поттикнување или повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна, или верска омраза или нетрпеливост“. Како што и досега правела зашто ѝ била дадена таква шанса, така и во овој случај од позиција на професионален патриот таа може да ги повика, советува, охрабри соодветните институции на својата држава да дејствуваат соодветно на нејзината теорија за нештата: „*На потег треба да се институциите на системот во земјата кои треба да ги исчистат овие негативни процеси и структури што ја влечат земјата кон бездна. Примерите на Руската федерација, Полска, Унгарија и другите земји треба да ги охрабрат македонските институции за преземање ваков чекор во насока на одбрана на сопствената татковина и на сопствениот народ*“ (Каракамишева-Јовановска, Тања. „Американски мелтинг пот на Балканите“. Курир, 12.5.2016). Многу е опасно тоа што тие институции може да ја послушаат професорката Каракамишева-Јовановска.

Ова се само два примери во контекст на професионалниот патриотизам што ги илустрираат овие конфликти меѓу „научникот“ и човекот. Ова се луѓе (случајно или не жени) што очигледно ги (зло)употребуваат своите дисциплини за да ја поддржат сопствената идеја за патриотизмот без да ја земат предвид можноста да има и други идеи за патриотизам во кои веруваат некои други луѓе. Нечувствителноста кон овие прашања може да биде опасна по неколку основи кога се работи за актуелната состојба во „*нашата единствена родна грутка, нашата една, единствена мајка татковина…*“ Бидејќи овие насоки ги препознаваме во некои од учебниците за основно и средно образование и бидејќи може да се претпостави какви идеи шират овие универзитетски професорки, станува збор за сериозна индикација за недостатоците во образовниот систем кога се работи за националните дисциплини како што е тоа историјата или пак за општествените науки. На крајот оваа неукост е дискредитирачка и на поединечно ниво затоа што професионалниот патриот во најмала рака покажува методолошка неписменост. И на крајот, многу е важно прашањето по кои критериуми се избрани овие универзитетски професори. Дали нивните ставови можат да бидат препознати како значајни (или пак можеби како значајни симптоми) кај колегите од „врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД, Англија, Франција и Германија“? Според она што јас го читам, речиси е неверојатна таквата можност.

На овој вид патриотизам му недостасува повеќе морал, особено кога зборуваме за професионалните патриоти. Тие како професионалци би требало да знаат дека да се носи епитетот „националистички интелектуалци“ подразбира нивна општествена и политичка активност повеќе одошто академска бидејќи нивната мисија е прочистување и активирање на народот (Smit 1998: 107, 108). Така, соодветно на инструменталната употреба на националниот идентитет заради одржување

на власт на партиските моќници и овој вид на „националистички интелектуалци" може да се третираат како корисни инструменти во овој контекст.

## Рефлексивноста е методолошка предност

Субјективноста во општествените и хуманистичките дисциплини често е одлучувачка во истражувањата и анализите на истражувачите. Тоа значи дека тие многу ќе зависат од ставовите, вредностите, чувствата, личноста итн. на истражувачите. Според тоа, како методолошка неопходност ја сметам потребата од себеидентификување во стручните текстови и книги на авторите од овие дисциплини. Така субјективноста на авторот извадена на виделина на еден чуден начин придонесува за читателите да добијат пообјективна претстава за тоа како се создаваат/креираат заклучоците во однос на предметот на проучување.

Моите учители и моето образование ме научиле дека примордијалистичкиот концепт за националниот идентитет е една радикална крајност, која ја сметам за опасна доколку се користи на гдомовски начин во македонски околности. Според тоа, јас не мислам дека мојата дисциплина треба да учествува во „создавањето" на националниот идентитет. Напротив, таквата агенда ја сметам како одлика на непрофесионалност. Така, исклучително сомнителни се оние научници што наводната објективна научна вистина ја (зло)употребуваат за покривање или поточно за поддржување на својата силна љубов кон татковината и кои промовираат националистички идеи маскирани како патриотизам. Јас верувам дека постојат мноштво вистини, приказни, интерпретации меѓу кои има такви што се убедливи, но и такви што се опасно површни. Научниците од општествените и хуманистичките дисциплини, чија научна задача е постојано да толкуваат, интерпретираат и реинтерпретираат, сериозно треба да ја сфатат оваа „нуспојава" на своите науки. Во таа смисла, да се остане ограничен во љубовта не кон сопствениот народ, туку во сопствената идеја за народот е крајно непрофесионално наспроти критичкиот однос кон проучувањето на овие процеси. На пример, прашањето како се создава идејата за сопствениот народ или како се замислува сопствениот народ низ историјата изгледа многу „понаучна" тема за истражување. Хобсбаум вели дека „сериозен историчар на нациите и национализмот не може да биде извршен политички националист (...) Национализмот бара премногу верување во она што очигледно не е така" бидејќи од позиција на политички активист професионалниот патриот историчар неминовно учествува во специјално „конструирање" на историјата за потребите на националистичката политика (Хобсбаум 1993: 21–22). Така тие директно учествуваат или ги даваат насоките на процесот што Бенедикт Андерсон го нарекува создавање на „замислена заедница".

Има една струја во моите дисциплини позната како активистичка антропологија. Тоа е сосема легитимна насока, која истовремено е и силно оспорувана од критичарите. Антрополозите или другите истражувачи од општествените и хуманистичките дисциплини го имаат тој луксуз да поддржуваат нечии интереси, па дури и да застапуваат одредени групи. Важно е што тие групи на кои им треба ваков вид поддршка или застапништво секогаш се маргинализирани. Затоа во оваа прилика мора да направиме разлика меѓу ангажманот на „научниците" во одбра-

на на моќта и моќните и ангажманот на „научниците“ во застапувањето на немоќните. Токму од оваа значајна разлика активистичката антропологија го црпи својот легитимитет. Оној другиот вид на политички активизам речиси задолжително подразбира инструментално користење и на „народот“ и на професијата во служба на борбата за власт на елитите и „во таа борба етничноста станува корисно орудие“ (Smit 1998: 39).

## Заклучок

Како одговор на прашањето поставено во апстрактот на овој текст за феноменот на (зло)употреба на деветнаесеттовековниот концепт за патриотизмот во 21 век ќе искористам два цитати. Првиот е на Миленко Неделковски, колумнист чиј цитат може да се искористи како образложение за оваа интересна појава. Тој вели: „*Македонскиот народ не успеал никој да го скрши. Немал држава безмалку два-и-пол века. Црквата со столетија сите ни ја черечеле. Јазикот ни го присвојувале. Историските ликови и настани ни ги киднапираат. Македонскиот народ и без држава, и без граница, и без свој школски систем, и без свои свештени лица, и без кодиран јазик, и без обележена територија СЕКОГАШ ПРЕЖИВУВАЛ и го надживувал непријателот. И, Македонскиот народ никогаш не погрешил. Не се потурчил, не се побугарил, не се посрбил, не се покатоличил, не влегол во фашистичката алијанса…*“ (Неделковски, Миленко. „Кога тоа и било лесно на Македонија“. Курир, 29.4.2016).

Вториот цитат е на мојот колега Даворин Трпески, кој ова го објаснува на следниов начин: „*Имено, од страна на оваа партија* (мисли на ВМРО-ДПМНЕ м. з.)*, на големо се инсистира на националната историја и на традиционалните вредности, нешто што во периодот на социјалистичкиот период беше крајно запоставено и маргинализирано. Очигледно поради тоа долгогодишно отсуство на оваа идеја, денес во периодот на транзицијата, таа најде мошне погодна почва за нејзино реализирање во Македонија*“ (Трпески 2013: 82). Веројатно може да констатираме дека се работи за националистичка неизживеаност. Сродно на неговите примери за македонската молитва, централното писмо за каменот од Розета и бурушаскиот јазик, и цитатите на колумнистите издвоени во овој есеј се „*дел од идејата за конструкција на националниот занес, на патриотизмот, па и на оптимизмот поврзан со иднината на земјата во која живее народ на кој му се оспоруваат името и идентитетот, му се оспорува државноста од страна на соседите, и потоа неможноста да се приклучи на меѓународните политички, економски и воени структури кон кои цели. Исто така обидите за оживување или за разубавување на националната свест на народот најчесто се прават свесно и намерно од страна на некои членови на општеството за да се создаде нова култура која ќе ги задоволи националните страсти*“ (Трпески 2013: 203–204).

Поради овие општествено-политички околности нагласени и во двата цитати што се надополнуваат во објаснувањето на причините за оваа појава, центрите на моќ се во можност да вршат вакви (зло)употреби на „патриотите“. И покрај тоа што двајцата се надополнуваат во образложението за овој феномен, очигледна е разликата во нивните изрази, што прави јасна дистинкција меѓу аматерите и професионалците во однос на овие прашања.

## Извори

Андонов, Оливер. „За методите и начините на функциоирање на СЈО“. Курир, 22.4.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/za-metodite-i-nachinite-na-funktsionirane-na-sjo/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Андонов, Оливер. „Конкретните резултати од работата на СЈО (живот во пеколот)“. Курир, 1.5.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/konkretnite-rezultati-od-rabotata-na-sjo-zhivot-vo-pekolot/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Андонов, Оливер. „В лице светци, в срце в’лци“. Курир, 4.5.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/v-litse-svettsi-v-srtse-v-ltsi/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Андонов, Оливер. „Озлобеност на интелектуално дно или мрачни души“. Курир, 24.5.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/ozlobenost-na-intelektualno-dno-ili-mrachni-dushi/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Даштевски, Александар. „Ако те бранат Холанѓани – сигурно си во Сребреница“. Курир, 6.5.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/ako-te-branat-holangani-sigurno-si-vo-srebrenitsa/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Каракамишева-Јовановска, Тања. „Нашите национални Луцифери“. Курир, 4.5.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/nashite-natsionalni-lutsiferi/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Каракамишева-Јовановска, Тања. „Американски мелтинг пот на Балканите“. Курир, 12.5.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/amerikanski-melting-pot-na-balkanite/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Мирчевски, Ненад. „Ќе победи ли разумот или ќе се удавиме во сопствената крв?“. Република, 22.4.2016, достапно на: http://republika.mk/?p=586719, последен пат посетено на 15.6.2016.

Мирчевски, Ненад. „Црното сценарио се прикрива со шарени лаги“. Република, 28.4.2016, достапно на: http://republika.mk/?p=589548, последен пат посетено на 15.6.2016.

Мирчевски, Ненад. „Ајде да се преброиме“. Република, 13.5.2016, достапно на: http://republika.mk/?p=596527, последен пат посетено на 15.6.2016.

Неделковски, Миленко. „Кога тоа и било лесно на Македонија“. Курир, 29.4.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/koga-toa-i-bilo-lesno-na-makedonija/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Неделковски, Миленко. „И сеа шо бе?“. Курир, 7.5.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/i-sea-sho-be/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Неделковски, Миленко. „Не ќе да е до народот“. Курир, 30.5.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/ne-ke-da-e-do-narodot/, последен пат посетено на 15.6.2016.

„По масовната поддршка од цела Македонија - ГДОМ започнува со трибини низ повеќе градови“, Пресс 24, 11.2.2015 достапно на: http://www.press24.mk/

po-masovnata-poddrshka-od-cela-makedonija-gdom-zapochnuva-so-tribini-niz-povekje-gradovi, последен пат посетено на 15.6.2016.

Радовановиќ, Ирена. „Да ви се ’деси‘ Куманово“. Курир, 16.4.2016, достапно на: http://kurir.mk/kolumni/da-vi-se-desi-kumanovo/, последен пат посетено на 15.6.2016.

Станковски, Ацо. „Кукавици“. Република, 18.4.2016, достапно на: http://republika.mk/?p=584629, последен пат посетено на 15.6.2016.

Станковски, Ацо. „Бегај, Зајко, бегај!“. Република, 9.5.2016, достапно на: http://republika.mk/?p=594197, последен пат посетено на 15.6.2016.

Станковски, Ацо. „Промашувања со умисла“. Република, 29.5.2016, достапно на: http://republika.mk/?p=603532, последен пат посетено на 15.6.2016.

„Украинското сценарио на СДСМ и СОРОС е срам и предавство на Македонија“. Курир, 19.4.2016, достапно на: http://kurir.mk/makedonija/vesti/ukrainskoto-stsenario-na-sdsm-i-soros-e-sram-i-predavstvo-na-makedonija/, последен пат посетено на 15.6.2016.

## Користена литература

Андерсон, Бенедикт. Замислени заедници. Скопје, Култура, 1998.

Ковачевић, Иван. Традиција модерног: прилози историји савремене антропологије. Београд, Српски генеалошки центар, Одељење за етнологију и антропологију Филозофског факултета, 2006.

Трпески, Даворин. Кој го поседува минатото? Културната политика и заштитата на културното наследство во постсоцијалистичка Македонија. Скопје, ИЕА, 2013.

Хобсбаум, Ерик. Нациите и национализмот по 1780, програма, мит, стварност. Скопје, Култура, 1993.

Bilefeld, Ulrih. Stranci: prijatelji ili neprijatelji. Beograd, Biblioteka XX vek, 1998.

Milenković, Miloš. Ka politici srpske antropologije za XXI vek. Odeljenje za etnologiju i antropologiju Filozofskog fakulteta Univerziteta u Beogradu i Srpski genealoški centar. Beograd, 2010, достапно на: http://www.anthroserbia.org/Content/PDF/Publications/8f888dfa89304ba4a05426069b0bc679.pdf, последен пат посетено на 21.9.2015.

Smit, Antoni. Nacionalni identitet. Beograd, Biblioteka XX vek, 1998.